# ЗАПИСНИК

Записник од одржаната Јавна расправа за Студија за оцена на влијание врз животна средина за спроведување на проектот: "Изградба на експресен пат А1, од мост на река Раец, денивелиран патен јазол "Дреново", до Градско (спој со автопат А1)" , одржана на 11.09.2013 (среда) во салата за состаноци" на општина Росоман со почеток во 11.00 часот

На ден 11.09.2013 година, во салата за состаноци на општина Росоман, се одржа Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот: "Изградба на експресен пат А1, од мост на река Раец, денивелиран патен јазол "Дреново", до Градско (спој со автопат А1)" , одржана во салата за состаноци во општина Росоман. Јавната расправа која ја организира Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта и општина Росоман, започна во 11:10часот.

Присутни:

- Зоран Бошев, Раководител на одделение за оцена на влијание врз животна средина од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);
- Билјана Спироска, советник во Одделение за оцена на влијание врз животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);
- Сашка Богданова Ајцева, советник за животна средина, претставник од страна на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта;
- Ана Петковска, експерт за оцена на влијание врз животната средина и одговорна за Студијата за ОВЖС;
- Представници од "ПРОСТОР" од Куманово;
- Представници од страна на Општина Росоман;
- Засегната граѓани (Листа на присутни дадени во Прилог).

### Јавната расправа се одвиваше по следниот Дневен ред:

1. **Отварање** - Јавната расправа ја отвори Билјана Спироска, советник за оцена на влијание врз животна средина во Министерството за животна средина и просторно планирање. По претставување на присутните претставници од страна на министерството, инвеститорот и изготвувачот на Студијата му даде збор на Градоначалникот на општина Росоман, Г-дин Стојанче Лазов.

2. Градоначалникот на општина Росоман, Г-дин Стојанче Лазов - Ги поздрави присутните и ги даде следните забелешки:

- Во Студијата за ОВЖС не е целосно обработен социо- економскиот аспект. Со изградбата на експресниот пат се зафаќа дел од замјоделски обработливата површина - главно садниците со праски, гранка од која главно егзистира населението во општина Росоман. Побара од изготвувачот на Студијата да го разгледа социо-економскиот аспект, односно да ја разгледа можноста од скратување на егзистенцијата на жителите, а со тоа и иселување на жителите од општина Росоман

- Градоначалникот напомена дека во даденото проектанско решение нема клучка за влезот кај Росоман, за што и предходно е реагирано. Неградењето на таа клучка смета дека повторно би влијаела негативно врз жителите на општина Росоман. Предложи да се разгледа можноста за надградба на веќе постоечката траса со трета лента.

- Генерален заклучок е дека со изградбата на експресниот пат ќе се отцепи општина Росоман и ќе се зголеми бројот на иселување од општината.

**3. Презентација на студијата за оцена на влијанието врз животната средина**

Цел на проектот е изградба на експресен пат , од мост на река Раец, денивелиран патен јазол“Дреново“ до Градско (спој со автопат А1), со вкупна должина од приближно 25,700 км.

Траста започнува веднаш после каркот на магистралниот пат Прилеп – Градско што се одвојува од лева страна кон Кавадраци (спроти бензинската пумпа на Макпетрол)

Беше презентирана постапката за спроведување на оцена на влијание на проектот врз животната средина и можните влијанија од изградбата и експлоатацијата на експресниот пат врз животната средина.

Направена е анализа за можни влијанија од реализација на проектот и предложени се заштитни мерки за ублажување и компензација на потенцијалните негативни влијанија за кои инвеститорот се обврзува да ги почитува.

**3. Дискусија**

Прашање: Игор Милошевиќ, Представник на обработлива површина засадена со праски со површина од 40хектари. Засадената површина ја има земено под концесија во наредните 30 години. Го подржа Градоначалникот и ја искажа својата загриженост за егзистенција на жителите на општина Росоман. Исто така посочи да се разгледа варијантата за изградба на трета лента на постоечкиот пат.

Одговор: Од страна на проектантот Чедомир Теодосиевски беше одговорено дека е разгледувана варијантата за трета лента, меѓутоа на таа траса има многу повеќе индивидуални куќи и приватен имот.

По кратка дискусија главно со горенаведените забелешки јавната расправа ја затвори Билјана Спироска во 12:30 часот

Записничар:

Билјана Спироска

**Листа на присутни лица на Јавната расправа за Проектот: “Изградба на експресен пат А1, од мост на река Раец, денивелиран патен јазол“Дреново“, до Градско (спој со автопат А1)“ одржана во Росоман на11.09.2013 година во 11.00часот**

| Р. бр. | Име и презиме | Институција | Контакт тел. и e-mail |
|---|---|---|---|
| 1 | Зоран Бошев | МЖСПП | 076/445-894 zboshev@moepp.gov.mk |
| 2 | Сашко Димитров | Еритон топл. | 075/ 226 116 |
| 3 | Игор Милошевиќ | Еритон толд | 078 444472 |
| 4 | Ѓорѓи Крстевски | Општина Росоман | 071 250 737 g-krsteuski@live.com |
| 5 | Сашка Богдан-Ајцева | ЈП за државни патишта | 078 330 297 saska@roads.org.mk |
| 6 | Зарко Михајловски | Екомакс-ант | 026 443-560 ekomaks@yahoo.com |
| 7 | Чедомир Теодосиевски | Простор доо Куманово | 070-220-968 prostor@t-home.mk |
| 8 | Милица Младенова | ТВ КТВ Кавадарци | 071/608-535 milicamelova@t-home.mk |
| 9 | Стојанче Власков | Гацо-Ком Росоман | 070 386 620 gacocom@yahoo.com |
| 10 | Павле Димов | Општина Росоман, Сирков | 076-202-0500 |
| 11 | Стојанче Лотов | -11- | 071-200-760 |
| 12 | Билјана Спирова | МЖСПП | 076-477 427 b.spirovska@moepp.gov.mk |
| 13 | | | |
| 14 | | | |
| 15 | | | |
| 16 | | | |
| 17 | | | |
| 18 | | | |
| 19 | | | |
| 20 | | | |
| 21 | | | |
| 22 | | | |
| 23 | | | |
| 24 | | | |